**ЗДРУЖЕНИЕ НА РАКОМЕТНИ КОНТРОЛОРИ И ДЕЛЕГАТИ НА МАКЕДОНИЈА**
**бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 15 - 1000 Скопје**

**Записник од изборното Собрание на ЗРКМ**
**одржано во Скопје на ден 17.05.2025 год.**

На Изборното Собрание одржано од страна на Здружение на контролори и делегати присутни беа 36 (триесетишест) члена кои имаа право на глас и тоа:
Драган Начевски, Марјан Начевски, Ацо Николовски, Камер Металари, Душко Камишевски,Лери Мирчевски, Цано Куртовиќ, Марјан Огњановски, Љупчо Јаневски, Бобан Мајнов, Зоран Кимовски, Митко Ѓоргиевски, Кристијан Белимов, Златко Локвенец, Сашо Младенов, Зоран Арсенов, Ѓорги Дучков, Васил Чавдаров, Игор Огненов, Александар Стефановски, Сашо Јанкуловски, Дане Георгиевски, Димче Грнчаров, Александар Танески, Славчо Каланоски, Славчо Ристески, Александар Атанасовски, Марјан Неделковски, Васил Зипевски, Гордана Ѓоргеска, Војо Христовски, Иван Јосифовски, Снежана Шишковска, Зоран Наумов, Александар Ангелески и Стево Костенчев
На Изборното Собрание имаше (5) члена со право на глас оправдано отсутни: Владимир Саздовски, Ерик Белимов, Сашо Сотировски, Реџеп Мамер, Цветомир Јовановски.

Претседателот на Собранието Ацо Николовски ги поздрави присутните и го предложи следниот

**ДНЕВЕН РЕД:**

1. Отварање на Собранието на ЗРКМ
2. Избор на Работни тела на Собранието ЗРКМ:
- Избор на работно претседателство (3 члена)
- Избор на записничар (1 член)
- Избор на оверувачи на записникот (2 члена)
- Избор на верификациона комисија (3 члена)
- Избор на кандидациона комисија (3 члена)
- Избор на комисија за броење на гласови (3 члена)
3. Извештај од верификациона комисија за присуство на бројот на членови на ЗРКМ
4. Разгледување и усвојување на записник од одржано собрание на ЗРКМ на ден 25.08.2024 год во Охрид.
5. Финансиски Извештај за работењето на ЗРКМ за 2024 год до 17.05.2025 год.
6. Извештај на кандидациона комисија за можни кандидати за претседател на ЗРКМ
7. Избор на Претседател на ЗРКМ
8. Избор на членови на Управен Одбор на ЗРКМ
9. Избор на потпретседател на ЗРКМ
10. Измена и дополна на Статутот на ЗРКМ
11. Избор на Надзорна Комисија на ЗРКМ
12. Разно

**1. Отварање на Собранието на ЗРКМ**
Откако беше предложен дневниот ред, се отвори дискусија помеѓу присутните за измена и дополна на дневниот ред. Бидејки никој не побара измени, истиот беше ставен на усвојување.
Дневниот ред беше едногласно прифатен од присутните.

Потоа се премина по Дневниот Ред.
Се утврди бројот на присутни членови на Собранието. Беа присутни 36 члена своерачно потпишани од вкупно 47 члена на ЗРКМ.

**2. Избор на Работни Тела на Собранието на ЗРКМ:**
- За Работно Претседателство беа предложени: Ацо Николовски, Марјан Начевски и Драган Начевски и истите беа едногласно прифатени.
- За Записничар е предложен и едногласно прифатен Кристијан Белимов.
- За Оверувачи на записникот беа предложени: Љупчо Јаневски и Златко Локвенец и едногласно прифатени.
- За членови на верификациона комисија беа предложени: Васил Зипевски, Игор Огненов и Васил Чавдаров и едногласно прифатени.

- За членови на кандидациона комисија беа предложени: Марјан Огњановски, Славчо Каланоски и Гордана Ѓоргеска и едногласно прифатени.
- За членови на комисија за броење на гласови беа предложени: Камер Металари, Славчо Ристоски и Зоран Арсенов и едногласно прифатени.

**3. Извештај од верификациона комисија за присуство на бројот на членови на ЗРКМ**
Претседателот Николовски побра од верификационата комисија да поднесе извештај:
-Претседателот на верификационата комисија Васил Зипевски поднесе извештај дека од 47 члена на ЗРКМ присутни се 36 члена или 77% од членството, со што заклучи дека Изборното Собрание може да продолжи со работа и полноправно да донесува одлуки.
**Извештајот беше едногласно прифатен од присутните членови на собранието.**

**4. Разгледување и усвојување на записник од одржано собрание на ЗРКМ на ден 25.08.2024 год.**
Беше разгледан записникот од минатото Редовно Собрание за кој немаше никакви забелешки и едногласно беше прифатен.

**5. Финансиски Извештај за работењето на ЗРКМ за 2024 год до 17.05.2025 год.**
Претседателот Ацо Николовски го образложи Финансискиот Извештај на ЗРКМ. Образложи дека немаат потрошено никакви средства по предавањето на завршната сметка за 2024 год, а на 16.05.2025 год сметката на ЗРКМ има салдо од **279.685,00 ден** (единствен трошок ќе биде трошокот за ова изборно собрание со ручек за делегатите во износ од 37.540,00 ден или **останува салдо од 242.145,00 ден**, со што никој од присутните немаше забелешки. Финансискиот извештај беше едногласно прифатен.

**6. Извештај на кандидациона комисија за можни кандидати за претседател на ЗРКМ**
Претседателот на Кандадиционата комисија Марјан Огњановски образложи дека до комисијата има пристигнато само еден предлог за кандидат за Претседател на ЗРКМ, а тоа е Марјан Начевски.
Се отвори дискусија за пријава на други членови за претседател на ЗРКМ. Бидејќи немаше други предлози, се заклучи листата на кандидати, со единствен предлог за претседател на ЗРКМ да биде Марјан Начевски. Поради тоа се предложи и едногласно прифати, изборот да биде со јавно гласање.

**7. Избор на Претседател на ЗРКМ**
Претседателот Ацо Николовски го стави на гласање предлогот Марјан Начевски да биде избран за претседател на ЗРКМ. **Предлогот за нов Претседател на ЗРКМ беше едногласно усвоен со 36 гласа ЗА, 0 воздржани и 0 против.**
Марјан Начевски се заблагодари за изборот и довербата која му ја дадоа сите членови на собранието на ЗРКМ, Тој упати благодарност до претходниот Управен одбор и Претседател Ацо Николовски за досегашната успешна работа.
Ново Избраниот Претсетател Маријан Начевски повика пауза од 15 минути за да може да изврши консултација за членови на УО на ЗРКМ и потпретседател на ЗРКМ.

**8. Избор на членови на Управен Одбор на ЗРКМ**
По извршени консултации за време на паузата, Претседателот Марјан Начевски предложи Управниот Одбор на ЗРКМ да брои 9 члена, согласно Статутот на ЗРКМ. За членови на УО на ЗРКМ ги предложи:
- Марјан Начевски
- Ацо Николовски
- Лери Мирчески
- Љупчо Јаневски
- Ѓорги Дучков
- Игор Огненов
- Славчо Каланоски
- Бобан Мајнов и
- Кристијан Белимов

Предлогот беше едногласно прифатен од членовите на Собранието.

**9. Избор на потпретседател на ЗРКМ**
Претседателот Марјан Начевски за потпретседател го предложи членот на Управен Одбор Лери Мирчески. Отвори дискусија дали има друг предлог? Бидејќи немаше друг предлог, го стави предлогот за потпретседател на ЗРКМ да биде Лери Мирчески на усвојување. Предлогот беше едногласно прифатен од членовите на Собранието.

**10. Измена и дополна на Статутот на ЗРКМ**
Претседателот Марјан Начевски објасни дека со матријалите за изборно собрание на ЗРКМ до секој член беше доставен и предлог за измени и дополнување на Статутот на ЗРКМ, а пред седница на собранието беше поделен до секој член нов Статут со прочистен текст во кој се вметнати предлог измени и дополнувања на Статутот на ЗРКМ.
Тој предложи да се оди член по член и доколку има нови предлози за измена по некој член да се стават на гласање за нивно усвојување.

Во дискусија зедоа учество со свои предлози: Драган Начевски, Ацо Николовски, Гордана Ѓоргеска, Марјан Начевски и Камер Металари.

По разгледување на предлозите дадени по секој член, беа ставени на изјаснување и усвојување. Прифатените предлози се составен дел на новиот Статут на ЗРКМ.

По разгледување на сите членови од Статутот на ЗРКМ, се стави на усвојување. Истиот беше едногласно усвоен од членовите на Собранието на ЗРКМ.
Се донесе заклучок Статутот на ЗРКМ да биде доставен до Централен регистар, Суд и објавен на страницата на РФМ (кај документи на здружението ЗРКМ).

**11. Избор на Надзорна Комисија на ЗРКМ**
За Избор на Надзорна Комисија беа предложени Гордана Ѓорѓеска, Александар Атанасовски и Марјан Огњановски. За претседател на Надзорна комисија предложен е Марјан Огњановски.
Предложените кандидати беа едногласно прифатени од членовите на собранието.

**12. Разно**
Под точката разно во дискусија зедоа учество: Камер Металари, Драган Начевски, Гордана Ѓорѓеска, Зоран Арсенов, Бобан Мајнов, Марјан Начевски.
Камер Металари упати честитки до новото раководство и даде добро намерни насоки до сите делегати за се врши работата уредно.
Драган Начевски во дискусијата објасни дека по правилата на ЕHF, IHF не постои термин за МАТРИЈАЛНА ПОВРЕДА НА ПРАВИЛА НА РАКОМЕТНА ИГРА.
Зоран Арсенов даде образложение за неговиот третман околу делегирањето од страна на натпреварувачката комисија на РФМ, дека како искусен судија кој судел долги години на супер лига со Љупчо Јаневски, денес добива само натпревари во младински категории и дека нема ниту еден натпревар во другите машки и женска лига.
Заклучок: Се предлага повеќе собири и семинари за да се пренесе знаењето и искуството од поискусните делегати-контролори.
- да се формираат групи на социјални мрежи за подобра комуникација
- On-Line семинари по можност да има неколку пати годишно
- Да се формираат регионални зборови и претседателите на регионалниот Збор навреме да доставува информации до своите членови.

На крај претседателот Марјан Начевски даде информација дека во план е во 14.јуни.2025 год да се направи полагање за прва лиценца (поради правење на предлог-листи до УО на РФМ за сезона 2025/26 год), а во август на турнирот на РК Охрид 23/24.Август да се одржи семинар и полагање на втора лиценца.

Собранието заврши во 13:45 часот.

<u>Записничар:</u>
Кристијан Белимов с.р.

<u>Оверувачи на записникот:</u>
1. Љупчо Јаневски с.р.
2. Златко Локвенец с.р.

Претседател
Марјан Начевски